ТЕХНОКОМЕРЦ
АД Скопје
www.tehnokomerc.com.mk

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ НА ТЕХНОКОМЕРЦ АД**
**За периодот Јануари – Јуни 2019 година**

Технокомерц АД Скопје во периодот Јануари – Јуни 2019 година оствари позитивен финансиски резултат искажан во неревидираниот Биланс на успех.

**Вкупни приходи**

Остварените вкупни приходи изнесуваат 170,212 илјади денари и тие се за 29% поголеми во споредба со вкупните приходи остварени во истиот период од 2018 година.
Од вкупните приходи 99,4% се приходи од продажба на производи и услуги додека финансиските приходи учествуваат со 0,6%.

**Вкупни расходи**

Вкупни расходи достигнаа износ од 166,346 илјади денари и тие се за 20.5% поголеми во споредба со расходите остварени во истиот период од 2018 година.
Од вкупните расходи 98,4% се оперативни расходи додека финансиските расходи изнесуваат 1,6% од вкупните расходи.

**Обврски по кредити**

Вкупните обврски по кредити на 30.06.2019 година изнесуваат 142,266 илјади денари.

**Инвестиции**

Вкупните инвестиции за материјални и нематријални средства за дадениот период изнесуваат 3,430 илјади денари.

**Нето добивка**

Како резултат на поголемиот пораст на оперативните приходи од порастот на оперативните расходи за девет индексни поени, Технокомерц АД –Скопје за периодот од 01.01-30.06.2019 година оствари добивка од 3,412 илјади денари.

Технокомерц АД Скопје